PHILIPS

AVENT

SCF293

Упатство за користење

Содржина

Важно **3**
Опасност 3
Предупредување 3
Внимание 4

Вовед **6**

Општ опис **6**

Забелешки **7**

Запознавање со поставките **9**

Пред првото користење **10**

Подготовка за употреба **12**
Подготовка за стерилизација 12
Составување на стерилизаторот 12

Користење на уредот **13**
Стерилизација 13
Автоматски – Стерилизација и сушење 14
Сушење 16

Чистење **17**
Чистење на филтерот 18

Отстранување бигор **19**

Нарачување додатоци **21**

Рециклирање **21**

Поддршка **21**

Решавање проблеми **21**

Важно

Внимателно прочитајте го ова упатство за користење пред да го користите апаратот и зачувајте го за во иднина.

Опасност

- Подножјето, кабелот за напојување или приклучокот немојте никогаш да ги потопувате во вода или некоја друга течност.
- Непридржувањето до упатствата за отстранување бигор може да предизвика непоправлива штета.
- Немојте никогаш да го расклопувате подножјето за да избегнете ризик од струен удар.

Предупредување

- Овој апарат може да го користат лица со ограничени физички, сензорни или ментални способности или лица со недостаток на искуство и знаење, под услов да се под надзор или да добиле упатства за безбедно користење на апаратот и да ги разбираат можните опасности.
- Овој апарат не смеат да го користат деца. Уредот и кабелот чувајте ги подалеку од дофат на деца.
- Децата не смеат да си играат со апаратот.
- Пред да го вклучите апаратот, проверете дали напонот наведен на апаратот одговара на напонот на локалната електрична мрежа.
- Немојте да го користите апаратот ако е оштетен приклучокот, кабелот за напојување или самиот апарат.
- Во случај на оштетување, кабелот за напојување треба да го замени компанијата Philips, односно сервисен центар овластен од Philips или лица со соодветни квалификации за да се избегне опасност.
- Апаратот не содржи делови што може да се сервисираат. Немојте да се обидувате самите да го отворате, сервисирате или поправате апаратот.
- Апаратот значително се загрева при работењето и може да предизвика изгореници ако го допрете.

- Внимавајте на врелата пареа што излегува од отворот на капакот или кога ќе го подигнете капакот. Пареата може да предизвика изгореници.
- Немојте да ги допирате подножјето, корпите и капакот во текот на или веднаш по постапката бидејќи се многу врели. Капакот подигнувајте го само за рачката.
- Никогаш немојте да го поместувате или отворате апаратот додека работи или ако водата во него е сè уште врела.
- Никогаш не ставајте предмети врз апаратот додека работи.
- Користете само вода без адитиви.
- Не ставајте белило или други хемикалии во апаратот.
- Не ставајте вода над индикаторот на резервоарот, односно над 130 ml вода.
- Стерилизирајте само шишенца за бебиња и други предмети што се соодветни за овој апарат. Погледнете го упатството за користење на предметите што сакате да ги стерилизирате за да бидете сигурни дека се соодветни за овој апарат.
- Ако сакате да ја запрете операцијата, притиснете го копчето за вклучување/исклучување за да го исклучите апаратот.
- Овој апарат е наменет само за употреба во домаќинства.
- Апаратот користете го единствено за целта за која е наменет за да избегнете потенцијални повреди.
- Престанете да го користите уредот ако забележите пукнатини, деформација, промена на бојата или оштетување на површината затоа што тоа може да ја зголеми миграцијата на супстанциите и да го направи несоодветен за контакт со храна.

Внимание

- Никогаш не користете додатоци или делови од други производители или производители што не се препорачани од Philips. Доколку користите вакви додатоци или делови, вашата гаранција ќе престане да важи.

- Не изложувајте го апаратот на екстремно високи температури или на директна сончева светлина.
- Секогаш оставајте апаратот да се олади пред да го преместувате или складирате.

- Површините што се допираат може да станат врели додека работи апаратот.
- Немојте да стерилизирате многу мали предмети што може да паднат во отворите на дното од корпата.
- Никогаш немојте да ставате предмети директно на грејниот елемент кога апаратот е вклучен.
- Немојте да го користите апаратот ако паднал или ако има некакво оштетување. Однесете го на поправка во овластен сервисен центар на Philips.
- Секогаш поставувајте и користете го апаратот на сува, стабилна, рамна и хоризонтална површина.
- Не ставајте го апаратот на врела површина.
- Немојте да го оставите кабелот за напојување да виси преку работ на масата или работната површина на која стои апаратот.
- По употребата и кога ќе се олади апаратот секогаш истурајте ја преостанатата вода од него.
- Исклучете го уредот и извлечете го приклучокот од штекер пред замена на додатоците или пристапување до деловите што се движат при употреба.
- Условите во опкружувањето, како што се температурата и надморската височина, може да влијаат на работењето на овој апарат.
- Децата не смеат да го чистат уредот ниту да го одржуваат.
- Секогаш исклучувајте го уредот од напојувањето ако го оставате без надзор.

Електромагнетни полиња (EMF)

Овој уред од Philips е усогласен со сите важечки стандарди и прописи што се однесуваат на изложеноста на електромагнетни полиња.

Вовед

Ви честитаме за купувањето и добре дојдовте во Philips! За целосно да ја искористите поддршката што ја нуди Philips, регистрирајте го вашиот производ на **www.philips.com/welcome**.

Општ опис



A	Капак со рачка	**J**	Штипалка
B	Мала корпа	**K**	Капак за филтерот
C	Долна плоча за големата корпа	**L**	Држач за кабелот
D	Голема корпа со сад за собирање течности	**M**	Филтер
E	Индикатор за максимално ниво на вода	**N**	Режим за стерилизација
F	Греен елемент со резервоар за вода	**O**	Автоматски режим
G	Основна единица	**P**	Режим за сушење
H	Кабел за напојување	**Q**	Копче за вклучување/исклучување
I	Отвор за излез на воздух	**R**	Регулатор со индикатори за тек

Забелешки



- Немојте да сипувате вода во отворот за воздух.

- Немојте да ја потопувате основната единица во вода.

- Не ставајте предмети под основната единица додека работи, на пример пешкир, крпа за чистење итн.

- Користете 130 ml вода.



- Чистете ги предметите пред да ги ставите во апаратот.



- Целосно расклопете ги сите делови на шишенцата и ставете ги во апаратот со отворите надолу за да не се наполнат со вода.

- Истурете ја преостанатата вода од големата корпа по секоја употреба.

- Чистете го филтерот на секои 4 недели.

- Чистете го уредот од бигор на секои 2 недели.

Запознавање со поставките

Забелешка: Исчистете ги шишенцата и другите предмети пред да ги стерилизирате.
Во стерилизаторот ставајте исклучиво предмети што се соодветни за стерилизација. Немојте да стерилизирате предмети што се наполнети со течност, на пр. предмети за џвакање наполнети со течност за ладење.

Стерилизирање	• Режимот за стерилизација служи за стерилизирање бебешки предмети. • Циклусот на стерилизација трае приближно 10 минути. • Загревањето трае приближно 4 минути, а стерилизацијата трае приближно 6 минути. • Проверете дали сте сипале точно 130 ml вода директно во резервоарот за вода во подножјето.
Автоматски	• Автоматскиот режим служи за стерилизирање и сушење бебешки предмети во една операција. • Автоматскиот циклус трае приближно 40 минути. • Кога го користите автоматскиот режим, апаратот прво ја започнува стерилизацијата, а потоа автоматски започнува сушењето. Циклусот на стерилизација трае приближно 10 минути, а циклусот на сушење трае приближно 30 минути. • Проверете дали сте сипале точно 130 ml вода директно во резервоарот за вода во подножјето.
Сушење	• Режимот за сушење служи за сушење бебешки предмети. • Циклусот на сушење трае приближно 30 минути. • Кога сушите бебешки предмети, немојте да додавате вода во резервоарот во подножјето.

Пред првото користење

Пред првото користење на апаратот, препорачуваме да го оставите да изврши еден процес на стерилизација со празни корпи.

1 **Користете чисто шишенце за бебиња и сипете точно 130 ml вода директно во резервоарот за вода во подножјето.**

Совет: Овој апарат е предвиден да се користи со вода од чешма. Ако живеете во подрачје со тврда вода, може да дојде до брзо таложење на бигор. Затоа се препорачува користење на вода без минерали, како дестилирана или пречистена вода, за да се продолжи векот на траење на апаратот. За повеќе информации за бигорот, погледнете го делот „Отстранување бигор".





2 **Поставете ја големата корпа на подножјето.**



3 **Поставете ја долната плоча во големата корпа.**



4 **Поставете ја малата корпа на големата корпа.**



5 **Поставете го капакот врз малата корпа.**



6 **Вметнете го приклучокот во ѕидниот штекер.**



7 **Свртете го копчето за вклучување/исклучување во режим за стерилизација. Потоа притиснете го за да го вклучите апаратот.**



<u>Внимание: Подножјето, корпите и капакот се жешки во текот на постапката или веднаш по нејзиното завршување.</u>

- Целиот индикатор за тек почнува да свети за да укаже дека апаратот стерилизира.
- Кога ќе заврши процесот на стерилизација, индикаторот се исклучува и уредот автоматски се исклучува.
- Може да го свртите копчето за вклучување/исклучување во режим за сушење за да го исушите апаратот. Потребни се приближно 30 минути за да заврши циклусот на сушење.

8 **Откако апаратот ќе се излади целосно, отстранете го капакот, малата корпа, долната плоча, големата корпа и избришете ги.**

Забелешка: кога ја отстранувате големата корпа од подножјето, земете ја предвид преостанатата вода во садот за собирање течности на подножјето.

9 **Оставете го апаратот целосно да се олади приближно 10 минути пред повторно да го користите.**

Забелешка: апаратот не работи 10 минути по процесот на стерилизација. Тој мора прво да се олади.

Подготовка за употреба

Подготовка за стерилизација

Пред да ставите предмети за стерилизирање во стерилизаторот, темелно исчистете ги во машина за миење садови или рачно со жешка вода и течен детергент за миење садови.

Составување на стерилизаторот

Постојат неколку начини за составување на стерилизаторот.

1 **Само со малата корпа на подножјето за стерилизирање мали предмети како поединечни цуцли.**



2 **Само со големата корпа на подножјето за стерилизирање предмети со средна големина како што се делови од пумпи за измолзување, детски чинии и детски прибор.**



3 **Со големата корпа и малата корпа на подножјето за стерилизирање најмногу шест шишенца од по 330 ml. Поставете ги шишенцата превртени надолу во големата корпа и поставете ги капачињата на шишенцата, прстените со навој и цуцлите во малата корпа.**



Забелешка: кога ја полните малата корпа, поставете прстени со навој на дното и лабаво поставете ги цуцлите и капачињата на шишенцата врз прстените со навој.

Забелешка: проверете дали сите делови што треба да се стерилизираат се целосно расклопени и поставете ги во корпата со отворите надолу за да не се наполнат со вода.



Стерилизација

Темелното чистење без хемикалии на стерилизаторот ќе ја задржи стерилноста на предметите до 24 часа кога капакот е поставен. По стерилизацијата, преостанатата вода на бебешките предмети е стерилна и нема да собира микроби.

1 **Сипете вода директно во резервоарот за вода во подножјето (погледнете во делот „Пред првото користење“).**

2 **Составете го стерилизаторот (погледнете во делот „Составување на стерилизаторот“) и ставете ги предметите што треба да се стерилизираат во него.**

3 **Поставете го капакот врз малата или големата корпа.**



4 **Вметнете го приклучокот во ѕидниот штекер.**



5 **Свртете го копчето за вклучување/исклучување во режим за стерилизација. Потоа притиснете го за да го вклучите апаратот.**



Внимание: Подножјето, корпите и капакот се жешки во текот на постапката или веднаш по нејзиното завршување.

Забелешка: апаратот може да го исклучите со притискање на копчето за исклучување.

- Целиот индикатор за тек почнува да свети за да укаже дека апаратот стерилизира.
- Кога ќе заврши процесот на стерилизација, индикаторот се исклучува и уредот автоматски се исклучува.

6 **Отстранете го капакот.**

Пред да го подигнете капакот почекајте да се олади апаратот.

Бидете внимателни. Врела пареа може да излезе од стерилизаторот.

7 **Отстранете ги шишенцата и другите предмети од корпата. Користете ја штипалката за да ги отстраните помалите предмети.**
Бидете внимателни. Стерилизираните предмети сè уште може да бидат жешки.

Забелешка: внимавајте темелно да ги измиете рацете пред да ги допирате стерилизираните предмети.

8 **Исклучете го апаратот од струја и почекајте целосно да се олади.**

9 **Отстранете ги малата корпа и големата корпа.**

Забелешка: кога ја отстранувате големата корпа, земете ја предвид преостанатата вода во садот за собирање течности на подножјето.

Забелешка: садот за собирање течности е наменет да ги собира остатоците од млеко или храна за да не навлезат во резервоарот за вода во подножјето. Целта е да се оптимизираат перформансите за стерилизирање и да се олесни чистењето на грејниот елемент.

10 **Откачете ја долната плоча од големата корпа. Истурете ја преостанатата вода од садот за собирање течности на големата корпа и исчистете го (погледнете во делот „Чистење“).**

11 **Истурете ја преостанатата вода од резервоарот за вода и избришете го.**

Забелешка: апаратот не работи 10 минути по процесот на стерилизација. Тој мора прво да се олади.

Автоматски – Стерилизација и сушење

1 **Сипете вода директно во резервоарот за вода во подножјето (погледнете во делот „Пред првото користење“).**

2 **Составете го стерилизаторот (погледнете во делот „Составување на стерилизаторот“) и ставете ги предметите што треба да се стерилизираат во него.**

Забелешка: проверете дали сите предмети се целосно расклопени и поставени во корпата со отворите надолу за ефикасно сушење.

Бидете внимателни. Врела пареа излегува од стерилизаторот кога ќе започне сушењето.

3 **Поставете го капакот врз малата или големата корпа.**



4 **Вметнете го приклучокот во ѕидниот штекер.**



5 **Свртете го копчето за вклучување/исклучување во автоматски режим. Потоа притиснете го за да го вклучите апаратот.**



- Апаратот прво почнува да стерилизира. Целиот индикатор за тек почнува да свети за да укаже дека апаратот стерилизира.
- Потоа, сушењето ќе започне автоматски. Индикаторот за тек светнува и полека се исклучува за да укаже дека апаратот суши.
- Кога ќе заврши процесот, индикаторот се исклучува и уредот автоматски се исклучува.

Внимание: Подножјето, корпите и капакот се жешки во текот на постапката или веднаш по нејзиното завршување.

6 **Отстранете го капакот.**

7 **Отстранете ги шишенцата и другите предмети од корпата. Користете ја штипалката за да ги отстраните помалите предмети.**

Бидете внимателни. Стерилизираните предмети сè уште може да бидат жешки.

Забелешка: внимавајте темелно да ги измиете рацете пред да ги допирате стерилизираните предмети.

Забелешка: Резултатот на сушењето може да се разликува во зависност од амбиенталната температура и влажност и наполнетоста на стерилизаторот. Можете да започнете уште еден циклус на сушење доколку е потребно.

8 **Исклучете го апаратот од струја и почекајте целосно да се олади.**

9 **Отстранете ги малата корпа и големата корпа.**

Забелешка: кога ја отстранувате големата корпа, земете ја предвид преостанатата вода во садот за собирање течности на подножјето.

10 **Откачете ја долната плоча од големата корпа. Истурете ја преостанатата вода од садот за собирање течности на големата корпа и исчистете го (погледнете во делот „Чистење“).**

Сушење

1 **Составете го стерилизаторот (погледнете во делот „Составување на стерилизаторот“) и ставете ги предметите што треба да се сушат во него.**

Забелешка: проверете дали сите предмети се целосно расклопени и поставени во корпата со отворите надолу за ефикасно сушење.

Бидете внимателни. Врела пареа излегува од стерилизаторот кога ќе започне сушењето.

2 **Поставете го капакот врз малата или големата корпа.**



3 **Вметнете го приклучокот во ѕидниот штекер.**



4 **Свртете го копчето за вклучување/исклучување во режим за сушење. Потоа притиснете го за да го вклучите апаратот.**



- Сушењето ќе започне по приближно 30 секунди. Уредот се загрева за да произведе топол воздух што ќе ги исуши предметите.
- Индикаторот за тек светнува и полека се исклучува за да укаже дека апаратот суши.
- Кога ќе заврши процесот на сушење, индикаторот се исклучува и уредот автоматски се исклучува.

Внимание: Подножјето, корпите и капакот се жешки во текот на постапката или веднаш по нејзиното завршување.

5 **Отстранете го капакот.**

6 **Отстранете ги шишенцата и другите предмети од корпата. Користете ја штипалката за да ги отстраните помалите предмети.**

Бидете внимателни. Исушените предмети сè уште може да бидат жешки.

Забелешка: темелно измијте ги рацете пред да ги допирате исушените предмети.

Забелешка: Резултатот на сушењето може да се разликува во зависност од амбиенталната температура и влажност и наполнетоста на стерилизаторот. Можете да започнете уште еден циклус на сушење доколку е потребно.

7 **Исклучете го апаратот од струја и почекајте целосно да се олади.**

Чистење

За чистење на апаратот не користете абразивни или агресивни средства за чистење (на пр. белило) или сунѓерчиња за триење.

Не потопувајте го подножјето и кабелот за напојување во вода или некоја друга течност.

Забелешка: стерилизаторот не смее да се мие во машина за миење садови. Корпите, долната плоча и капакот може да се чистат со жешка вода и течен детергент за миење садови.

1 **Секогаш исклучувајте го апаратот од струја и оставајте го да се олади пред да го чистите.**

2 **Чистете го подножјето со влажна крпа.**

3 **Откачете ја долната плоча од големата корпа.**

Истурете ја преостанатата вода од садот за собирање течности на големата корпа.

Забелешка: По секој циклус на стерилизација, во садот за собирање течности на големата корпа се собира вода. Истурете ја преостанатата вода од големата корпа по секоја употреба.



4 **Чистете го капакот, малата корпа, долната плоча и големата корпа со жешка вода и течен детергент за миење садови.**

Забелешка: по чистењето, стерилизаторот чувајте го на чисто и суво место.

Чистење на филтерот

1 Откачете го капакот на филтерот од подножјето.





2 Извадете го филтерот и измијте го под чешма.



3 Оставете филтерот потполно да се исуши на воздух. Вратете го во подножјето и затворете го капакот на филтерот.

Забелешка: чистете го филтерот најмалку еднаш на 4 недели за да продолжи ефикасно да филтрира.









Отстранување бигор

Процесот на стерилизација е исклучително важен за да се обезбедат најхигиенски услови за вашето бебе. Наслагите од бигор може да го забават циклусот на стерилизација, па дури и да ја намалат неговата ефикасност.
Бигорот е тврдата наслага што наликува на креда. Во зависност од типот на водата во вашата област, бигорот може да изгледа различно, од снежно бел прав до кафеави дамки. Колку е потврда водата, толку побрзо се таложи бигорот. Тој се таложи во апаратите како остаток од минералите што природно се содржат во водата и не испаруваат кога водата се загрева. Иако сам по себе не е штетен, тој е непријатен и тежок за чистење, а може и да го наруши работењето на апаратите или да ги оштети нивните компоненти ако се остави да се наталожи.

Чистете го стерилизаторот од бигор најмалку еднаш на 2 недели за да продолжи ефикасно да работи.

1 **Истурете 12 ml (2,5 лажички) бел оцет (5 % оцетна киселина) и 120 ml (4 oz) вода во резервоарот за вода.**



2 **Ставете ја малата корпа на основата. Ставете го капакот врз корпата.**

Забелешка: Поставувањето на малата корпа на основата спречува прскање жешка течност.



3 **Свртете го копчето вкл./искл. на режим „Стерилизација“. Притиснете за да го вклучите уредот.**



4 Оставете уредот да работи 5 минути. Притиснете го копчето вкл./искл. за да го исклучите.



5 Оставете го уредот да се излади околу 5 минути.



6 Испразнете го резервоарот со вода и темелно исплакнете го. Отстранете ги сите траги од бигор со сунѓер. Исплакнете уште еднаш и избришете го подножјето со влажна крпа.



Забелешка: Резултатите од отстранувањето бигор може да се разликуваат во зависност од тврдоста на водата и зачестеноста на отстранувањето бигор. Повторете го циклусот за отстранување бигор ако е потребно.

7 Исплакнете ги малата корпа и капакот за да го отстраните растворот од оцет.



Забелешка: Можете да користите и средства за отстранување бигор на база на лимонска киселина.

Забелешка: Не користете други типови средства за отстранување бигор.

Нарачување додатоци

За да купите додатоци или резервни делови, посетете ја страницата **www.philips.com** или контактирајте со продавачот на производи од Philips. Можете да контактирате и со центарот за корисничка поддршка на Philips во вашата земја (податоците за контакт ќе ги најдете во меѓународниот гарантен лист).

Рециклирање

Овој симбол означува дека електричните производи не треба да се фрлаат во обичниот отпад од домаќинствата.
Придржувајте се до прописите во вашата земја за посебно собирање на електрични производи.

Поддршка

За целата поддршка за производот, како што се често поставуваните прашања, одете на **www.philips.com/support**.

Забелешка: Овој апарат треба редовно да се чисти од бигор за да постигне оптимални перформанси. Во спротивно, апаратот може да престане да работи по одредено време. Во тој случај, вашата гаранција НЕ ја покрива поправката.

Забелешка: Потрошувачка на енергија (режим на подготвеност:

<0,3 W (време до автоматски режим на подготвеност: <1 мин.)

Решавање проблеми

Во ова поглавје се опишани најчестите проблеми со кои може да се соочите при користење на апаратот. Ако проблемот не можете да го решите со помош на информациите наведени подолу, обратете се на центарот за корисничка поддршка во вашата земја.

Проблем	Решение
Кога треба да го отстранам бигорот од стерилизаторот?	Кога го користите стерилизаторот, може да забележите дека на грејната плоча се појавиле мали точки со снежно бела до кафеава боја. Тоа е знак дека треба да го исчистите бигорот од стерилизаторот. Во секој случај, стерилизаторот треба да се чисти најмалку еднаш на 2 недели за да продолжи ефикасно да работи.
Зошто времето на стерилизација е току кратко?	Не сте додале доволно вода за стерилизација. Сипете точно 130 ml вода директно во резервоарот за вода во подножјето.

Проблем	Решение
Зошто останува многу вода на грејната плоча по стерилизацијата?	Грејната плоча можеби е блокирана од бигор. Стерилизаторот треба да се чисти од бигор најмалку еднаш на 2 недели. Погледнете го делот „Отстранување бигор“.
Зошто се појавува миризба на изгорено и знаци на изгорено на подножјето?	Можеби редовно не сте ја истурале преостанатата вода од садот за собирање течности на големата корпа. По секој циклус на стерилизација, во садот за собирање течности на големата корпа се собира вода. Истурете ја преостанатата вода од големата корпа по секоја употреба. 1 Откачете ја долната плоча од големата корпа. Истурете ја преостанатата вода од садот за собирање течности на големата корпа. 2 Долната плоча и големата корпа чистете ги со жешка вода и течен детергент за миење садови. Можеби предметите не биле темелно исчистени пред стерилизацијата. Пред да ставите предмети за стерилизирање во стерилизаторот, темелно исчистете ги во машина за миење садови или рачно со жешка вода и течен детергент за миење садови.
Додатниот слој на грејната плоча се лупи. Дали тоа влијае врз работењето?	Тоа не влијае врз работењето на стерилизаторот. Внимавајте да не користите абразивни или агресивни средства (на пр. белило) или сунѓерчиња за триење при чистењето на грејната плоча. Не истурајте ладна вода на грејната плоча веднаш по употребата, бидејќи тоа може да предизвика напукнување поради брзото ладење на нелепливиот слој.
Зошто стерилизаторот престанува да работи?	Грејната плоча можеби е блокирана од бигор. Стерилизаторот треба да се чисти од бигор најмалку еднаш на 2 недели. Погледнете го делот „Отстранување бигор“.
Предметите се сè уште влажни по сушењето.	Предметите може сè уште да се влажни од различни причини: • Амбиенталната температура или влажноста • Наполнетоста на стерилизаторот • Предметите се премногу блиску еден до друг Погрижете се топлиот воздух да може да циркулира околу предметите за да се обезбеди ефективно сушење. Можете да започнете уште еден целосен циклус на сушење доколку е потребно.

©2026 Koninklijke Philips N.V.
Сите права се задржани.
2026-06-25